ОСНОВЕН СУД ВИНИЦА
http://www.osvinica.mk/

Ознака на списот: ПРК-С-92/2010
Евиденција: 31.01.2012
Предевиденција:

# ДОСТАВНИЦА

за лично доставување

| Примач: Грозде Атанасов, „Илинденска“ бб, Виница | Име на актот што се доставува: Пресуда од 19.12.2011 г.<br>Број на прилозите: 1 (вкупно 2 страни) |
|---|---|

Потврдувам дека горе назначениот акт го примив на ден (со букви):
_______________________________________________________ .

_______________________________
(Потпис на примачот)

____Јулија Андонова, с.р.____
(Потпис на доставувачот)

Оставено во судски преградок - **огласна табла** на ден: **31.01.2012.**

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Основниот суд во Виница, како првостепен прекршочен суд, преку судијата Љубчо Прокопенко, со записничар Јагода Стојкова, постапувајќи по барањето за поведување прекршочна постапка поднесено од МВР - ПС - Виница, бр. 31.15.1-47 од 08.02.2010 год. против обвинетиот Грозде Атанасов од Виница, за сторен прекршок од чл. 218 ст. 1 од ЗБСП, а казнив според ст. 4 од истиот член, во отсуство на обвинетиот и претставник на поднистелот на барањето, на ден 19.12.2011 год. ја донесе следната:

П Р Е С У Д А

ОБВИНЕТИОТ: Грозде Атанасов од Виница, роден на 27.01.1955 во с. Грљани, со живеалиште во Виница на ул. „Илинденска“ бб., со невработен, на привремена рбота во странство, женет, Македонец, Државјанин на РМ, со ЕМБГ2701955492000.

СЕ ОСЛОБОДУВА ОД ОДГОВОРНОСТА

Дека на 18.12.2009 год. околу 15,15 часот на ул,.„Браќа Миладинови“ во Виница, го управувал ПМВ - џип, „Сузуки витара“ со регистарски ознаки ШТ 950-КД, негова сопственост и кога полицискиот службеник Тони Ѓоргиев од ПС - Виница, со помош на „стоп“ палка му дал наредба за запирање со возилото, тој истата не ја почитувал и го продолллжил движењето по наведената улица, со што сторил прекршок од чл. 218 ст. 1 од ЗБСП, а казнив според ст. 4 од истиот член.

Бидејки настапила застареност за водење на прекршочната постапка.

Трошоците на прекршочната постапка паѓаат на товар на судскиот буџет.

О б р а з л о ж е н и е

МВР - ПС - Виница, поднесе барања, бр. 31.15.1-47 од 08.02.2010 год. против обвинетиот Грозде Атанасов од Виница, за сторен прекршок од чл. 218 ст. 1 од ЗБСП, а казнив според ст. 4 од истиот член.

Почнувајки од 2.3.2010 год. па до донесувањето на ова решение, закажувани се вкупно 9 претреси, меѓутоа бидејки обвинетиот подолг временски период непрекинато престојува во странство, поканите за овие претреси и примерок од брањето за поведување прекршочна постапка не можеа да му бидат врачени.

Со оглед на фактот дека прекршокот е сторен на 18.12.2009 год. заклучно со 18.12.2011 год. според чл. 42 ст. 7 од ЗП настапила апсолутна застареност на прекршочното гонење.

Имајки го предвид изнесеното во сообразност со чл. 119 ст. 1 т. 9 од ЗП одлучено е како во изреката на оваа пресуда.

Основне сујд Виница, Прк.С.бр. 92/10 од 19.12.2011 год.

Записничар, Судија,
Јагода Стојкова Љубчо Прокопенко

ПОУКА: Против оваа пресуда е дозволена жалба во рок од 8 дена
по приемот, преку овој суд до Апелационен суд Штип.